# ЗАПИСНИК

Записник од одржаната Јавна расправа за Студија за оцена на влијанието врз животната средина од спроведување на проектот "Изградба на колекторски систем, рехабилитиациjа на канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Тетово" одржана на 10.02.2017 (петок) во салата на Советот на Општина Тетово во Тетово со почеток во 10:00 часот.

**Присутни:**

**Листа на присутни е во прилог на записникот.**

Александар Петковски како претставник на Управата за животна средина, при Министерството за животна средина и просторно планирање („МЖСПП") ја отвори јавната расправа по предметот за проектот "Изградба на колекторски систем, канализациона мрежа и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Битола "изготвен и доставен од страна на конзорциумот НИРАС од Данска, како одговорен консултант за имплементација на проектот финансиран од ЕУ: „Изработка на студии (ФС, ОВЖС, ЕИ), проектна документација и тендерска документација за собирање и третман на отпадните води на инвестициски проекти во општините Струмица, Битола и Тетово"

Тој најави дека целта на јавната расправа е запознавање на населението и сите заинтересирани страни со евентуалните влијанија од спроведувањето на Проектот, како редовна процедура според Законот за животна средина, член 91.

Александар Петковски напомена дека Инвеститорот МЖСПП преку ИПА фондовите во Март 2016 до МЖСПП достави допис за известување за намера за изведување на проектот „Изработка на студии (ФС, ОВЖС, ЕИ), проектна документација и тендерска документација за собирање и третман на отпадните води на инвестициски проекти во општините Струмица, Битола и Тетово". По добивањето на известувањето за намера, МЖСПП издал решение со кое што го обврзал Инвеститорот да изготви Студија за оцена на влијанието врз животната средина за споменатиот Проект и го одреде опфатот на Студијата. Изготвената студија е доставена до МЖСПП и истата била објавена на веб страницата на Министерството. Преку објава во два дневни весници јавноста е информирана дека студијата е пристигната во МЖСПП и достапна за увид на јавноста. Со втора објава во два дневни весници, јавноста е информирана за одржувањето на јавна расправа.

Александар Петковски му даде збор на експертот за ОВЖС Марјан Михајлов, претставник од страна на Консултантот НИРАС, Данска.

Марјан Михајлов ги поздрави присутните и напомена дека на јавната расправа се присутни и дел од тимот на Консултантот ангажирани во подготовка на техничката документација предвидена во рамките на предметниот проект. Тој му даде збор на

заменик тим лидерот на проектот Дирк Фитцке кој ги поздрави присутните и даде кусо резиме на предметот и целите на проектот како и очекуваните резултати.

Марјан Михајлов изврши презентација на студијата за ОВЖС преку следните клучни елементи: Целите на оцената на влијание врз животната средина; Опис на локација;Опис на технолошки процес;Опис на влијанија и мерки;Управување и мониторинг на животна средина.

Целите на ОВЖС постапкатасе состојат од:

- Идентификација и предвидување на можните влијанија од проектот врз животната средина и здравјето на луѓето,
- Идентификација на базните услови на животната средина, како и основните социо-економски услови во подрачјето каде ќе се спроведува проектот,
- Предвидување на предлог мерки за спречување, намалување или компензација на влијанијата, каде тоа е неопходно.
- Усогласување на проектот со стандардите за животна средина,
- Осигурување дека техничкиот проект ги вклучил сите мерки за заштита, што пак е предуслов за добивање на одобрение за градба.

Просторниот опфат на проектот се однесува на град Тетово и населените места Порој, Џепчиште, Голема и Мала Речицаи Фалиш. Студијата се однесува на сите фази од проектот, изградба, работа и престанок со работа. Во текот на изработката на Студија за изводливост на проектотштое основа за изработка на Студијата за ОВЖСразгледани се и разработенисе повеќеалтернативи во однос на изборот на локација за ПСОВ како и алтернативи за колекторската и канализационата мрежа, третман на отпадните води и третман на тињаврз основа на дефинираникритериуми. Алтернативите биле разгледувани и оценетиврз основа на низа критериуми. Врз основа на овиеалтернативидефиниран е обемот на проектотштосе состои од :

- Изградба и реконструкција на колекторски и канализациони мрежи:
  - Изградба на канализациона мрежа во с. Голема Речица и дел од Мала Речица,
  - Изградба на канализациона мрежа во с. Порој и Џепчиште,
  - Изградба на канализациона мрежа во с. Фалиш,
  - Изградба на главенприфатенколекторТетово Север,
  - Изградба на главенприфатенколекторТетовоЈуг,
  - Изградба на колектор Речица.
- Изградба на пречистителна станица за отпади води.

Избраната локација предвидена за изградба на ПСОВ е на КП 118, КП 119, КП 120 и КП 212 во целост, како и дел од КП 585, КО Фалише, м.в. Горна Режика, општинаТетово.

Истата зафаќа површина од околу 6 ha, и во моментот се користи за одлагање на отпад. Локацијата е оддалечена околу југоисточно од градот Тетово, источно од селото Фалиш. Од целата своја јужна страна локацијата граничи со локален пат кој некаде на средината се вкрстува со друг пристапен тампониран пат што се исклучува од патот Фалише – Стримница. Од останатите страни локацијата граничи со земјоделски површини.

Во однос на техничките карактеристики на избраната опција за ПСОВ збор зема Румјана Танчева, експерт за ПСОВ претставник од страна на Консултантот НИРАС, Данска, која се осврна на процесот на третман на отпадните води и останатите релевантни елементи на избраното техничко решение на идната ПСОВ.

Во вториот дел од презентацијата, Марјан Михајлов подетално се осврна на презентација на идентификуваните потенцијални влијанија врз животната средина и утврдените мерки за спречување и намалување на влијанијата поединечно за секој од медиумите и областите на животна средина.

Секаде каде што се утврдени влијанија врз животната средина предвидени се соодветни мерки за ублажување на влијанијата или за нивно минимизирање и целосно отстранување.

На крајот на презентацијата, врз основа на претходно изнесеното Марјан Михајлов се осврна на поважните заклучоци од Студијата за ОВЖС за предметниот проект како што следи:

- Не се утврденизначајнинегативнивлијанијаврзживотната средина и здравјето на луѓето,
- Идентификуванитевлијанијаспаѓаат во стандарднивлијанија кои можат да бидатизбегнати или намаленипрекуспроведување на идентификуваните мерки за заштита,
- Обврскитеидентификувани во Планотнеопходно е да бидат дел од договорите со изведувачите за да се осигуранивнацелосна и правилнаимплементација. Одговорност е на изведувачите да обезбедатодговорно лице за мониторинг над спроведувањето на мерките, додека пак одговорност е на инвеститорот да обезбеди дека мерките се спроведени од страна на изведувачите.
- Значителнидолгорочнивлијанијаврзживотната средина, но и врзсоцио – економскатасостојба во регионот,
- Посебен фокус да се стави на 1) долгорочноуправувањето со тињата од процесот на третман на отпадните води и 2) обезбедување на предтретман на индустрискитехнолошкиотпадни води.

## ДИСКУСИЈА

Александар Петковски ја отвори дискусијата по јавната расправа и им даде збор на присутните на настанот за да ги постават своите прашања.

Имрљи Бекири од АД Водостопанство одделение Гостивар, претпријатие

одговорно за системите за наводнување и контрола на речните текови на територијата на Тетово и Гостивар, побара подетални информација дали и на кој начин проектот ги има земено во предвид атмосферските води како и евентуалното влијание на проектот врз подземните води.

Марјан Михајлов појасни дека инвестициските активности на проектот се насочени кон прифаќање и третман на отпадните води од домаќинствата индустријата. Со оглед на тоа што во градот Тетово постои сепаративен канализационен систем, прифаќањето и одведувањето на атмосферските води е решено на поинаков начин и истите нема да бидат предмет на одведување и третман во идната пречистителна станица.

Во однос на влијанието врз подземните води Михајлов истакна дека единствено влијание би можело да се јави во текот на работата на пречистителната станица и тоа како последица на неправилно управување односно складирање на материјалите кои се користат односно настануваат како резултат на технолшките процеси како што е на пример милта. Меѓутоа со проектната докуементација односно технолошкото решение предвидени се низа на мерки и процедури за соодветено ракување и складирање на ваквите материјали се до нивно конечно отстранување од локацијата на ПСОВ. Потенцијален ризик би претставувале и високите поплавни води, во кој случај евентуално би се поплавиле локацијата односно работните површини на ПСОВ, поради што би дошло до измивање на штетни отпадни материи кои на ваков начин би можеле да дојдат во контакт со подземните води. Меѓутоа како што беше нагласено во текот на презентацијата во текот на подготовката на ЕИА извршена е анализа на ризикот од високи поплавни води и утврдено е дека таков ризик на постои на локацијата предвидена за изградба на ПСОВ. Исто самата проектна документација предвидува низа мерки со кои би се постигнала заштита и на подземните води. Такви мерки се квалитет на градење, квалитет на материјалите, начините на приклучување итн.

Дирк Фитцке додаде дека во текот на подготовката на проектната документација вршени се теренски испитувања при што е утврдено дека иако се работи за сепаративен канализационен систем, постојат неправилни приклучоци на атмосферската во фекалната канализациона мрежа. Ова пак во текот на обилни врнежи ја значително ја отповарува фекалната канализациона мрежа поради што во Студијата на изводливост дадена е препорака да се изврши детално испитување заради евидентирање на неправилните приклучоци и истите да се одвојат. Тој исто така потврди дека проектната како и тендерската документација за изведба предвидува низа мерки и процедури во односн на начинот на изградба, квалитетот на материјали, контрола на квалитетот на изведбата во тек и слично кои ќе осигураат максимална заштита на околината и подземните води.

Александар Петковски запраша дали се анализирани и кои се социо/економските аспекти на проектот.

Михајлов одговори дека проектот се очекува да има повеќекратни позитивни социо-економски ефекти. Отпадните комунални води во некои делови од регионто не се собираат и одведуваат правилно поради што истите претставуваат ризик за појави на разни болести и зарази. Истите неконтролирани се се испуштаат директно во реката Вардар или нејзините притоки или во почви. Ова пак како и дотрајаните прифатни колектори ја загадува околината посебно водните текови и почвата. Тоа секако се рефлектира на здравјето. Доминантна стопанска дејност во Полошкиот регион е земјоделското производство чии квалитет е директно зависен од квалитетот на околината каде се одвива дејноста. Оттука имплементација на проектот ќе влијае на подобрување на квалитетот на живеење на жителите на општина Тетово, на квалитетот на водата на реката Вардар и нејзиниот екосистем, а сето тоа се очекува позитивно да се рефлектира на идниот регионален економски развој, туризмот и рекреативните активности. Проектот ќе овозможи зголемена заштита на водните ресурси, флората и фауната а со тоа и намалување на опасностите по здравјето.

Бидејќи не се пријавија други дискутанти Александар Петковски ја затвори јавната расправа во 11:30 часот.